Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**септември, 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ..... 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ..... 3
Индустриско производство ..... 3
Број на работници во индустријата ..... 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 6
Промет во секторот трговија ..... 7
Инфлација ..... 7
Берзански цени ..... 9
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ..... 11
Извоз ..... 11
Увоз ..... 12
Салдо на трговска размена ..... 13
Валутна структура ..... 14
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ..... 15
Буџетски приходи според економската класификација ..... 15
Буџетски расходи според економската класификација ..... 16
Расходи по буџетски корисници ..... 17
Буџетско салдо ..... 19
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ..... 19
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 19
Плати ..... 20
Пензии ..... 21
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ..... 22
Примарни пари ..... 22
Кредити на банките ..... 24
Каматни стапки на депозитни банки ..... 24
Пазар на капитал ..... 25
Девизни резерви ..... 25



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## септември, 2023 година

- Индустриското производство во септември 2023 година забележа раст од 4,5% во споредба со истиот месец претходната година;

- Стапката на инфлација во септември изнесува 6,6% на годишно ниво (8,3% во август 2023 година). На месечно ниво стапката на инфлација се намали за 0,1%;

- Во периодот јануари - септември 2023 година извозот забележа раст од 1,4%, а увозот пад од 8,4%, што резултира со намалување на трговскиот дефицит за 29,5% споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2023 година изнесуваа 197.479 милиони денари, односно 22,3% од БДП, што претставува повисоко остварување за 10,6% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2023 година изнесуваа 225.042 милиона денари, односно 25,4% од БДП, што е за 15,6% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во септември 2023 година се зголемија за 5,8% на годишно ниво, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во септември 2023 година забележа раст од 4,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен за 23,4% и Преработувачка индустрија за 3,8%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи пад од 10,1%.




Раст на производството во септември 2023 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 41,5% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на машини и уреди за 1,3%, со придонес од 0,1 п.п. и кај производството на метали за 189,6%, со придонес од 11,3 п.п., додека намалување се забележува во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 3,3% со придонес од -0,3 п.п. и производство на електрична опрема за 12,2% со придонес од -0,8 п.п..




Од традиционалните гранки, зголемување на производството во септември 2023 година се забележува единствено кај производството на пијалаци за 23,4% и придонес од 0,9 п.п., додека намалување на производството се забележува во следните гранки: прехранбена индустрија за 3,7%, со придонес од -0,4 п.п., производството на тутунски производи за 56,7%, со придонес од -0,5 п.п., производството на текстил за 2,7% и придонес од -0,1 п.п., производството на облека за 22,0%, со придонес од -1,6 п.п., производството на кожа за 43,3% со придонес од -0,3 п.п., и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 23,6% и придонес од -0,3 п.п..

Зголемување на индустриското производство според намената на произведените единици во септември 2023 година е резултат на зголеменото производство во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 21,5% со придонес од 7,4 п.п.) и Капитални производи (раст од 0,7% со придонес од 0,1 п.п.), додека намалување


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

на производство се забележува во групите: Енергија (пад од 10,5% со придонес од -0,9 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 6,8% со придонес од -0,3 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 1,8% со придонес од -0,6 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - септември 2023 година индустријата забележа раст од 0,7%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 18,6% (придонес од 1,3 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,4% (придонес од -0,3 п.п.) и Преработувачка индустрија од 0,4% (придонес од -0,3 п.п.).







Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - септември 2023 година е регистриран во следните групи: Енергија (10,2%), Капитални производи (7,2%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (1,8%), додека пад се забележува во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (за 6,0%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 4,2%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во септември 2023 година е зголемен за 2,4% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 3,1%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 1,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 5,1%. Раст на бројот на работници се забележува во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и



полуприколки за 18,5%, поправка и инсталирање  машини и опрема за 12,5% и производство на текстил за 11,1%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници се забележува само во групата Капитални производи и тоа за 15,7%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - септември 2023 година бележи раст од 1,1%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,6%, додека намалување на бројот на работниците бележат секторите Рударство и вадење  камен за 2,4‘% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,3%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - септември 2023 година е зголемен во групата Капитални производи за 12,9%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(септември 2023)*




Извор: ДЗС.

Во септември 2023 година беа издадени вкупно 326 одобренија за градење, што претставува значителен раст од 17,7% во однос на истиот месец од 2022 година, како резултат на годишниот раст на издадени одобренија за градење за високоградба за 38,8% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 57,1%), додека кај објектите за реконструкција се забележува намалување од 11,6%. Споредено со август 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 5,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2023 година е повисока за 43,8% на годишна основа, а во однос на претходниот месец бележи пад од 5,1%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 186 (или 57,1%) се наменети за објекти од високоградба, 79 (или 24,2%) за објекти од нискоградба и 61 (или 18,7%) за реконструкција на објекти.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 326 издадени одобренија за градба, на 192 објекта (или 58,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 134 објекти (или 41,1%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во септември 2023 година предвидена е изградба на 773 станови со вкупна корисна површина од 72.274 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 18,0%, а на годишно ниво зголемен за 81,0%.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во август 2023 година извршени се градежни работи во вкупна вредност од 2.240 милиони денари, што претставува номинален годишен пад од 19,6%, и тоа кај вискоградба за 16,2%, а кај нискоградба за 22,7%. Споредено со јули 2023 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи пад од 16,9%, кај нискоградбата за 21,4%, и кај високоградбата за 11,7%. Кумулативно, во периодот јануари – август 2023 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 18.289 милион денари, што е за 2,0% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградба, кај која во првите осум месец годинава се извршени градежни работи во вредност од 10.008 милиони денари, односно 1,5% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период се зголеми за 2,5% и изнесува 8.281 милион денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - август 2023 година се зголеми за 8,4%, при раст и кај нискоградбата (9,0%) и кај високоградбата (7,7%).

## Промет во секторот трговија

Податоците за внатрешната трговија во септември 2023 година покажуваат номинален годишен пад на прометот од 0,1%, по растот од 1,1%, во август. Вредноста на прометот во септември 2023 година изнесува 63.587 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - септември 2023 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 565.666 милиони денари, што е за 8,1% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

Кумулативно, во периодот јануари - септември 2023 година позитивен раст на прометот е забележан и во секторите трговија со моторни возила, чија вредност на прометот изнесува 35.224 милиони денари, односно за 20,2% повеќе во однос на истиот месец минатата година, трговија на големо 302.964 милиони денари или за 9,5% повеќе во споредба со иститот месец минатата година и трговија на мало 227.478 милиони денари, односно за 4,8% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

На реална основа, трговијата на мало во септември 2023 година бележи годишен пад од 1,8%, додека анализирано по групи и класи, намалување е забележано во две групи, и тоа: трговија на мало со автомобилски горива за 5,0%, и трговија на мало со непрехранбени продукти за 3,9%, додека зголемување е забележано единствено кај трговија на мало со храна, пијалоци и тутун за 2,1%.

Графикон 1.9. Структура на прометот во секторот Трговија (септември 2023)




Во септември 2023 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (52,63%), потоа Трговија на мало (40,73%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,64%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во септември изнесува 6,6% (8,3% во август 2023 година) при што овој месец бележи забавување на годишниот раст за 1,7 п.п..

Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната, енергентите, но и на растот на базичната инфлација. Цената на струјата во јули 2023 година се зголеми како резултат на одлуката на РКЕ поради враќањето на стапката на ДДВ од 10% на 18%, при што ја намали цената на енергијата за првиот блок, а ја зголеми за другите три блока.

Кумулативно, во првите девет месеци од 2023 година стапката на инфлација изнесува 11,5%.

Базичната инфлација во септември (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесува 6,5% на годишна основа (7,4% претходниот месец), што претставува постепено забавување. Најголем позитивен придонес имаат

зголемените цени во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата, како и цените во категоријата Разновидни стоки и услуги.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа забавување на растот, односно намалување од 3,0 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваат 7,8% на годишно ниво. Придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во септември изнесува 3,2 п.п..



Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)
Извор: ДЗС.

Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месо (годишен раст од 12,5%, придонес 1,1 п.п.), зеленчук (годишен раст од 19,9%, придонес 0,9 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 5,3%, придонес 0,4 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во септември 2023 година е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 10,7%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Разновидни стоки и услуги од 8,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,9%, Рекреација и култура од по 6,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 6,1%, Ресторани и хотели од 5,5%, Облека и обувки од 5,1%, Здравствена заштита од 4,7%, Образование од 2,7%, Транспорт од 1,8% и Комуникации од 0,2%.



Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)
Извор: ДЗС.

Стапката на инфлација во септември се намали за 0,1% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 1,2%), како резултат на падот на цените во следните категории: Транспорт од 3,4%, Рекреација и култура од 1,3% и Комуникации од 0,2%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци овој месец регистрираа раст од 0,3% (раст од 1,9% претходниот месец), при што во рамките на оваа категорија раст на цените на месечно ниво е забележан во поткатегориите месо и млеко, сирење и јајца од по 1,0% и придонес кон месечното зголемување на цените во оваа категорија од 0,2п.п..

Во септември 2023 година цените на мало се зголемија за 4,7% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 1,0%. Во првите девет месеци од 2023 година цените на мало се зголемија за 8,2%.



Графикон 12: Споредба на инфлација (годишни стапки на раст во %) меѓу земјите од Западен Балкан

Стапката на инфлација во еврозоната во септември 2023 година регистрира намалување за 0,9 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,3% (5,2% во август).

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и тоа за 0,2 п.п. за 2023 и 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година е ревидирана надолу за 0,1 п.п.. Согласно најновите проекции, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,6%, 3,2% во 2024 и 2,1% во 2025 година.

## Берзански цени



Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент) (цена во долари/барел; стапка на раст во %)

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2023 година регистрира раст од 9,1% на месечно ниво и изнесува 94,0 долари за барел (три месеци по ред нафтата се зголемува на месечно ниво). Во септември цената на нафтата се зголеми, во услови на неизвесна глобална понуда и очекувана зголемена побарувачка во текот на остатокот од годината. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 4,3%.



Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас (базичен индекс; стапка на раст во %)

Во септември 2023 година, цената на природниот гас регистрира раст од 2,5% на месечно ниво. На годишно ниво цената на природниот гас во септември 2023 година се намали за 75,6%. Овој тренд на намалување на цената на природниот гас започна при крајот на 2022 и продолжи во 2023 година.

Во првата половина од 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и на регионалните берзи, по значителниот раст во текот на

2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во септември 2023 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 103,81 евро за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 3,4%, а на годишно ниво регистрира пад од 73,5%.

Табела 1.1. Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (HUPX)

Во септември 2023 година, цените на повеќето основни метали регистрираа наизменични движења. Намалување на цените на месечно ниво се забележува кај: никелот за 3,9%, калајот за 1,9% и бакарот за 0,9%. Раст на цените регистрираа оловото за 4,6%, цинкот за 3,7% и алуминиумот за 2,3%.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
(*цени во долари/тон*)




Извор: Светска банка.

Цената на железната руда регистрира раст од 9,8% на месечна основа.

Цената на златото во септември се намали за 0,1%. Трендот на намалување на месечна основа го следеа и другите благородни метали, па така среброто и платината се намалија за 1,4% и 0,4%, соодветно.

Цените на пченката и пченицата на светските берзи во септември 2023 година се зголемија за 7,8% и 0,1%, соодветно, на месечна основа. Цената на сончогледовото масло регистрира пад од 9,6% во споредба со претходниот месец.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2023 година изнесува 14.486,5 милиони евра и бележи пад од 4,4% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - септември 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,0 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите девет месеци од 2023 година изнесува 24,9% и е зголемено за 1,8 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.




### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите девет месеци од 2023 година изнесува 6.240,5 милиони евра и бележи раст од 1,4% (83,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 6,2%.

Вредноста на извезените стоки во септември 2023 година изнесува 737,4 милиони евра и бележи пад од 3,1% (23,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 9,2% споредено со септември 2022 година.




Анализирано на месечно ниво, извозот во септември 2023 година бележи раст од 32,8%

[1] Започнувајќи од септември 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

(182,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 16,8%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (16,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите девет месеци од 2023 година е зголемена за 27,4 милиони евра, што претставува раст од 8,3% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на извозот на храна главно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на извезената храна е намалена за 6,7%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите девет месеци од 2023 година изнесува 5,7% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.




Анализирано според економските групации[2] на земјите, во периодот јануари - септември 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 2,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 3,3%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и во земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,1% и 12,2%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - септември 2023 година изнесува 8.246,0 милиони евра и бележи пад од 8,4% (755,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот пад од 1,6%.

Вредноста на увозот во септември 2023 година изнесува 945,7 милиони евра, што претставува пад од 14,4% (159,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се намалени за 5,4% споредено со септември 2022 година.

[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Анализирано на месечно ниво, увозот во септември 2023 година бележи раст од 9,4% (80,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 5,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите девет месеци од 2023 година е зголемена за 59,2 милиона евра, што претставува раст од 9,2% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на увозот на храна главно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на увезената храна е намалена за 2,0%. Во структурата на вкупниот увоз на нашата земја, учеството на храната во првите девет месеци од 2023 година изнесува 8,5% и е зголемено за 1,4 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.




Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2022 | I-IX-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 118,5 | 100,6 | -17,9 | -15,1 |
| Мил.ЕУР | 119,7 | 79,9 | -39,8 | -33,2 |
| Мил.$ | 126,8 | 86,6 | -40,2 | -31,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2022 | I-IX-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 973,8 | 916,4 | -57,4 | -5,9 |
| Мил.ЕУР | 857,9 | 668,5 | -189,4 | -22,1 |
| Мил.$ | 907,7 | 724,2 | -183,5 | -20,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2022 | I-IX-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 58,5 | 60,2 | 1,6 | 2,8 |
| Мил.ЕУР | 1.834,1 | 1.824,0 | -10,1 | -0,6 |
| Мил.$ | 1.949,8 | 1.976,0 | 26,2 | 1,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2022 | I-IX-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 23,4 | 21,7 | -1,7 | -7,4 |
| Мил.ЕУР | 139,2 | 136,7 | -2,5 | -1,8 |
| Мил.$ | 148,5 | 148,1 | -0,4 | -0,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2022 | I-IX-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 525,6 | 495,9 | -29,7 | -5,6 |
| Мил.ЕУР | 643,8 | 447,0 | -196,9 | -30,6 |
| Мил.$ | 692,5 | 484,2 | -208,4 | -30,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2022 | I-IX-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 T | 570,0 | 510,7 | -59,3 | -10,4 |
| Мил.ЕУР | 516,0 | 381,8 | -134,1 | -26,0 |
| Мил.$ | 553,2 | 413,3 | -139,9 | -25,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - септември 2023 година трговскиот дефицит се намали за 29,5% односно 838,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во септември 2023 година трговскиот дефицит се намали за 39,5% односно 136,0 милиони евра споредено со септември 2022 година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - септември 2023 година 80,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Италија, Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 91,7% од трговската размена во периодот јануари - септември 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,8% и 89,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,5 п.п., а кај увозот за 1,5 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-IX -2022 | | | | | I-IX -2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 4.056,0 | 7.911.183.218 | 61,6233 | 487.513.216.772 | 87,9 | 4.483,7 | 7.372.316.433 | 61,5768 | 453.963.654.557 | 89,4 | -538.866.784 | -6,8 |
| УСД | 1.297,5 | 1.092.321.401 | 57,9528 | 63.303.083.664 | 11,4 | 783,8 | 876.336.130 | 56,8590 | 49.827.596.010 | 9,8 | -215.985.271 | -19,8 |
| ГБП | 1,2 | 14.385.652 | 72,8083 | 1.047.394.901 | 0,2 | 1,4 | 16.185.613 | 70,7296 | 1.144.801.946 | 0,2 | 1.799.961 | 12,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.354,8 | | | 551.863.695.338 | 99,3 | 5.268,9 | | | 504.936.052.513 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.365,2 | | | 554.713.769.613 | 100,0 | 5.281,5 | | | 507.798.389.628 | 100,0 | | -8,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2023 година изнесуваа 197.479 милиони денари, односно 22,3% од БДП, што претставува повисоко остварување за 10,6% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со септември претходната година, буџетските приходи бележат намалување за 0,1%, што произлегува од негативниот придонес на даночните приходи и во помал обем на неданочните приходи (придонес од -6,8 п.п. и -0,4 п.п. соодветно). Притоа, даночните приходи во септември 2023 година забележаа пад од 11,7% на годишна основа, како резултат на намалување на приходите од ДДВ и акцизите.

Во периодот јануари – септември 2023 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 109.351 милион денари односно повисоки за 4,9% во однос на периодот јануари – септември 2022 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите и увозните давачки.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,5% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 48.659 милиони денари и бележат зголемување од 1,3% во однос на периодот јануари – септември претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 79.615 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 30.956 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 1,5%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 5,6% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 7,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 14,0%. Акцизите се остварени во износ од 19.798 милиони денари (учество од 18,1% во даночните приходи), што претставува зголемување од 3,0% во споредба со периодот јануари – септември 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока остварени се вкупно 68.457 милиони денари, што претставува 62,6% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – август 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваа 18.933 милиони денари и бележат раст од 14,0% на годишна основа, а притоа 66,3% од приходите се од плата и други лични примања, 8,6% од приходи од капитал, 8,6% од приходи по основ на договор на дело, 6,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,5% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – септември 2023 година изнесуваа 13.390 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 6,9% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 15,5%, а даночните биланси се намалени за 8,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Приходите од царина се остварени во износ од 8.057 милиони денари и забележаа зголемување од 10,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 514 милиони денари забележаа зголемено остварување за 4,0% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 66.716 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 19,1% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,1%, кај придонесите за вработување за 19,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 19,2%.

Неданочните приходи изнесуваа 12.151 милион денари и во однос на периодот јануари – септември 2022 година забележаа пониско остварување за 3,9% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 1.399 милиони денари, што преставува намалување од 20,5% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 6.562 милиона денари или за 167,3% повисоки во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2023 година изнесуваа 225.042 милиона денари, односно 25,4% од БДП, што е за 15,6% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со септември претходната година, буџетските расходи бележат намалување за 16,7%, што се должи на намалувањето на тековните трошоци за 16,1%, како и на капиталните трошоци за 23,7%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – септември 2023 година, тековните расходи во износ од 197.325 милиони денари учествуваа со 87,7% и се зголемија за 8,5% во однос на периодот јануари – септември 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 26.260 милиони денари, што претставува зголемување за 10,6% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 14.015 милиони денари и споредено со периодот јануари – септември 2022 година забележаа зголемување од 2,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 146.361 милион денари. Средствата за трансфери бележат раст од 7,0% во однос на периодот јануари – септември 2022 година, а учествуваа со 65,0% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 12,8% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 107.685 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 47,9%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваа 66.281 милион денари, што претставува зголемување за 15,3% споредено со периодот јануари – септември 2022 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 29,5%. Во категоријата други трансфери е регистрирано намалување од 6,9%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 17.278 милиони денари и се намалени за 25,5%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 17.124 милиони денари бележат зголемување од 15,5% во споредба со истиот период претходната година.

Графикон 3.3: Буџетски остварувања (во %)




Извор: МФ.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваа 27.717 милиони денари со структурно учество од 12,3% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 117,8% во споредба со периодот јануари – септември 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – септември 2023 година реализира 44.550 милиони денари или 81,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,1%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 30.318 милиони денари или 85,9% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,0% во вкупните расходи и

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(септември 2023 година)*




Извор: МФ.

за оваа намена беа реализирани 76,2% (10.238 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 23.516 милиони денари, што е 67,6% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (61,4%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 14.437 милиони денари или 71,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,2%, за што се потрошени 4.035 милиони денари, односно 69,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – септември 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 9.054 милиони денари, што претставува 70,1% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,5%, за што се потрошени 6.207 милиони денари или 70,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 20,0%, и за таа намена беа реализирани 1.812 милиони денари или 75,4% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.759 милиони денари што претставува 70,4% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 91,2% во вкупните расходи, реализирани се 76,2% од планираните средства за цела година, односно 6.163 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – септември 2023 година реализира 10.036 милиони денари, што е 66,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 39,1%, па за таа намеа реализацијата изнесува 3.922 милиона денари (71,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 25,2% во вкупните расходи, и за оваа ставка се потрошени 2.524 милиони денари, односно 57,7% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – септември 2023 година реализира вкупно 5.782 милиона денари, односно 48,4% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 69,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.019 милиони денари (54,2% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари – септември 2023 година изврши буџетски средства во износ од 4.420 милиони денари, или 60,0% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,1%, за што се потрошени 2.304 милиони денари или 74,3% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.751 милион денари (53,1% од планираното за годината) и учество од 39,6% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализира средства во износ од 13.458 милиони денари, што е 72,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 94,2% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (12.681 милион денари или 73,3% од вкупно планираните средства).

Во јануари – септември 2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 975 милиони денари, што претставува 54,8% од предвидените за 2023 година. Капитални расходи (389 милиони денари) е

најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 39,9%, а притоа се реализирани 49,3% од планираните. По основ на плати и надоместоци отпаѓаат 39,7% од вкупните расходи, за што се реализирани 387 милиони денари или 71,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – септември 2023 година дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 27.563 милиони денари, што претставува 3,1% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 30.560 милиони денари и претставува 3,4% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – септември 2023 година изнесува 64,5% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

Графикон 3.5. Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во септември 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 148.688 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година вкупниот број нововработени лица е намален за 2,5%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година бележи тренд на годишен раст, кој во последните две години беше прекинат еднаш во 2022 година и трипати во 2023 година, вклучително и во септември. Трендот на раст, меѓу другото, е резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 40,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во септември 2023 година, 20,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во септември 2023 година изнесува 149.993, од кои 105.357 лица се активни баратели на работа, а 44.636 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 5,5%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е зголемен за 958 лица, што претставува прекин на намалувањето на бројот на невработени лица. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година беше во пораст и досега беше прекинат само еднаш, поточно во октомври 2022 година.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,7%) е градско население, а според половата структура 48,7% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,7%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,5% со завршено средно образование, додека 7,8% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,3% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување 59,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2023 година оствари годишен раст од 14,2%, а во однос на јули 2023 година таа е повисока за 0,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на август 2022 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (21,6%), Образование (17,5%) и Градежништво (16,5%). Реалните плати во август 2023 година забележаа годишен раст од 5,4%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Највисока просечна нето-плата во август 2023 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (69.695 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатена во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (92.464 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 51.558 денари, секторот Рударство и вадење камен (48.288 денари) и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со просечно исплатена нето-плата во висина од 47.328 денари.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5**: Просечна нето-плата по сектори, август 2023 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во август 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 14,5%, а на месечна основа таа е повисока за 0,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во август 2023 година во однос на август 2022 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (21,8%), Образование (18,0%) и Градежништво (17,0%). Реалната бруто-плата во август забележа годишен раст од 5,7%.

## Пензии

Во септември 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 337.377 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,7% се корисници на старосна пензија, 22,2% на семејна пензија и 8,1% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во септември 2023 година изнесува 20.103 денари или за 14,9% повисока во однос на истиот месец од 2022

Графикон 4.6: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

година[3]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според новата методологија којашто предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,3%.

Просечната старосна пензија во септември 2023 година изнесува 21.708 денари, просечната инвалидска пензија 17.877 денари, а просечната семејна пензија 15.872 денари. За исплата на пензиите во септември 2023 година потрошени се 6.326 милиони денари, што претставува 52,5% од вкупните социјални трансфери.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во септември 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,15 п.п., односно од 6,15% на 6,30%. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Во септември, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена исто така се зголемија за по 0,15 п.п. и изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во септември 2023 година, примарните пари[4] се намалија за 4,9% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 8,0% и на намалувањето на готовите пари за 1,9%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 8,8%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките и на готовите пари во оптег за 9,1% и 8,6%, соодветно.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( септември 2023 година)




Извор: НБРСМ.

### Депозитен потенцијал[5]

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од

Вкупните депозити на банките во септември 2023 година се намалија за 0,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се намалија за 1,4%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,9%.

Од аспект на валутата, во септември 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 0,4%, додека депозитете во странска валута се зголемија за 0,1%.

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2023 година оствари раст од 8,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 9,9% и 7,5%, соодветно, на годишно ниво.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 15,7% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 6,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***510.446*** | ***-0,2%*** | ***8,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *282.598* | *-0,4%* | *9,9%* |
| *Странска валута* | *227.848* | *0,1%* | *7,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *217.379* | *-0,6%* | *4,1%* |
| *Долгорочни* | *112.217* | *1,7%* | *21,4* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***436.461*** | ***0,4%*** | ***5,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *250.423* | *0,6%* | *5,1%* |
| *Странска валута* | *186.038* | *0,1%* | *6,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *66.369* | *-0,6%* | *-2,7%* |
| *Долгорочни* | *355.195* | *0,7%* | *8,4%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,1%, а долгорочните депозити за 21,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,4%.

новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

## Кредити на банките

Во септември 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,4% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,5% и раст на кредитите на домаќинствата за 0,3%.




Од аспект на валутата, во септември 2023 година денарските и девизните кредити се зголемија за 0,6% и 0,1%, соодветно.

На годишна основа, во септември 2023 година вкупните кредити се зголемија за 5,8%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 5,1% и 6,4%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,1%, а кредитите во странска валута за 6,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,4%, додека краткорочните кредити се намалија за 2,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во септември 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,49%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,03 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,70%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,25%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во септември 2023 година се зголеми за 0,04 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,59%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,04%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 1,21%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,72%, а на новоодобрените девизни кредити 5,05%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,58% и 1,66%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во септември 2023 година се зголеми за 195,8% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 139,8% и 299,7%, соодветно.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во септември 2023 година изнесува 576,8 милиони денари и тој е зголемен за 21,4% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на септември 2023 година изнесува 5.803,06 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 1,4%, а во однос на истиот месец претходната година за 3,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септември 2023 година изнесуваа 3.901,72 милиона евра и во однос на претходниот месец се намалија за 0,8%, а во однос на септември 2022 година се зголемија за 3,9%.